РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-481/4
13. 08 20 26 год.-viti
Скопје - Shkup

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
СВЕТИ НИКОЛЕ - Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
04.09.2026
13-305/2

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 69 седница одржана на 30.07.2026 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Политички студии", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет – Свети Николе**

1.Се акредитира студиската програма „Политички студии", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет – Свети Николе, согласно Закон за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република СевернаМакедонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран политиколог / во меѓународен промет академски назив: Bachelor in Political Science.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 5.06 Политички науки; Научна сручна или уметничка област: 5.06.00.01 Воведни политички науки, 5.06.00.09 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 60 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По претходно донесената Одлука бр. 02-64/2 од 05.03.2026 година од страна на Сенатот на Универзитетот, за усвојување на студиската програма „Политички студии", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет – Свети Николе, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.13-61/1 од 11.03.2026 година (наш бр. 08-481/1 од 18.03.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 68-та седницата одржана на 23.07.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 481/3 од 07.08.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и доапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 69-та седница одржана на 30.07.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков